ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА
CHESS FEDERATION OF MACEDONIA
Skopje 1000, sala KK Rabotnicki bb, Macedonia tel +389 2 3166 305 fax +389 2 3220 750 e-mail: chessmkd@mt.net.mk

**ШАХОВСКА ФЕДЕРАЦИЈА НА МАКЕДОНИЈА**
Број 20-18/ мај 02, 2018 година

# ПРВЕНСТВА НА МАКЕДОНИЈА за млади за 2018 година

(за девојчиња и момчиња до 08,10,12,14,16 и 18 години)

1. **Првенствата на Македонија за млади до 08,10,12,14 и 16 ќе се одржат во Струга, од 09-14 јуни 2018 година**, во хотел „Дрим“**,** во организација на Шаховската федерација на Македонија и Шаховскиот сојуз на Град Скопје, како технички организатор.
   1.1. Исклучок е терминот за **Првенствата за млади до 18 години** (девојчиња и момчиња) кој е во зависност од датумите за полагање Државна матура.
   Заради тоа ќе се одржат **од 14-19 јуни 2018 година**, во хотел „Дрим“, во Струга.
2. Пријави за учество на Првенствата на Македонија за млади за 2018 година.
   2.1. **Пријавите за учество** (со презиме,име и дата на раѓање) треба да се испратат на е-маил kocovski.ivan@gmail.com **најдоцна до 01 јуни 2018 година**.
   2.2. Првенствата на Македонија до 10,12,14,16 и 18 години се пријавени во ФИДЕ за рејтингување. Натпреварувачите во овие категории (кои се без ФИДЕ код) со пријавувањето треба да доставaт и сопствена електронска адреса.
   2.3. Пријавените учесници **за Првенствата на Македонија за млади до 08,10,12,14 и 16** мора да го потврдат своето учество со присуство во салата за игра **на 09 јуни (сабота) 2018 година најдоцна до 15:30 часот.** Првото коло почнува во 16:30 часот.
   2.4. Пријавените учесници **за Првенствата на Македонија за млади до 18** мора да го потврдат своето учество со присуство во салата за игра **на 14 јуни (четврток) 2018 година најдоцна до 15:30 часот.** Првото коло почнува во 16:30 часот.
3. Право на учество имаат девојчиња и момчиња, кои со годината на раѓање одговараат на својата група и помлади, државјани на Република Македонија. Како доказ за година на раѓање ќе послужи лична карта, ученичка книшка со слика за учебната 2017/2018 година или извод од книгата на родени.
4. Шахист или шахистка може да настапи само во една категорија.
5. Момчињата и девојчињата, според годината на раѓање, ќе играат одделни турнири ако има најмалку 4(четири) шахисти или шахистки во категорија.
6. Партиципацијата за учество е 500 денари.
7. Цени на услуги во хотел „Дрим“ :
   - полн пансион – 1.595,00 денари по лице на ден во двокреветна, трокреветна или четворокреветна соба. Доплата од + 30% за еднокреветна соба.

   Пансионот започнува на 08 јуни со вечера, а завршува со ручек на 14 јуни 2018 година. Корисникот на услугата се обврзува плаќањето да го изврши пред почетокот на натпреварите, на лице место во готово или на фактура.
   Инекс Дрим АД, жиро сметка : 210040717190136
   Депонент: НЛБ Банка АД-Скопје
8. Во зависност од бројот на учесници, Првенствата се играат по Швајцарски или по Бергеров систем. Организаторот, по потреба, го задржува правото да одржи и две кола во еден ден.
9. Првенствата се играат според Правилата за игра на ФИДЕ.
10. Темпо на игра е 90 минути по играч за цела партија, со додаток од 30 секунди за секој потег, почнувајќи од првиот.
11. Победнички трофеи, медали и дипломи ќе им бидат поделени на најуспешните.
12. Победниците по категории се стекнуваат со право да ја претставуваат Македонија на Европското и Светското првенство за млади во 2018 година.

Скопје,02.05.2018 година

Шаховска федерација на Македонија
Иван Кочовски,стручен секретар